Република Северна Македонија
Агенција за храна и ветеринарство

АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Бр. 10-2257/6
15-08-2022 2022 год
III Македонска бригада бр.2
1000 Скопје,
Република Северна Македонија

Тел. (02) 2 457 895
Факс: (02) 2 457 893
Е-пошта: info@fva.gov.mk

Врз основа на член 55 став (6), а во согласност со член 54, 55 и 56 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија" бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16) и Правилникот за мерки за сузбивање и искоренување на болеста африканска чума кај свињите (Службен весник на Република Македонија бр. 91/12 и 128/14), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, донесе:

# РЕШЕНИЕ

## за изменување и дополнување на решението број 10-2257/2 од 03.08.2022 година за контролни и заштитни мерки во однос на болеста африканска чума кај свињите

1. Врз основа на епидемиолошката состојба и лабораториските наоди добиени од Ветеринарниот Институт при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје со кои е потврдена болеста африканска чума кај свињите во Република Северна Македонија се врши изменување и дополнување на Решението бр. 10-2257/2 од 03.08.2022 година како што следи:

   1.1 Точката 2.1 од решението бр. 10-2257/2 од 03.08.2022 година се менува и гласи:

   Заштитна зона околу потврдените жаришта на африканска чума кај свињите која ги вклучува населените места;

   - Моштица, Македонска Каменица, Саса, Косевица, Цера, Луковица и Костин Дол во општина Македонска Каменица,
   -Главовица, Пресека, Небојани, Костин Дол, Безиково, Мојанци, Тркање, Горни Подлог и Долни Подлог во општина Кочани,
   -Виничка Кршла, Јакимово и Виница во општина Виница,
   - Облешево, Чифлик и Бања во општина Чешино-Облешево.

   1.2 Точката 2.2 од решението бр. 10-2257/2 од 03.08.2022 година се менува и гласи:

   Зоната под надзор околу жариштата каде е потврдена болеста африканска чума кај свињите ги вклучува сите населени места кои не се наброени во точката 1.1 од ова решение во општините:

   - Македонска Каменица, Кочани, Виница, Зрновци и Чешиново Облешево.

2. Точката 3 подточка 3.3 се менува и гласи;

   - Одземање, убивање и нештетно отстранување (депопулација) на сите свињи кои се наоѓаат во заштитната зона, освен големите комерцијални одгледувалишта кои се категоризирани со низок ризик во однос на имплементираните биосигурносни мерки.

3. Во точка 4 од од решението 10-2257/2 од 03.08.2022 година се додава нова подточка 4.9 која гласи:
   - Се забранува движење на свињите во и од одгледувалиштата во зоната под надзор. Во некомерцијалните одгледувалишта во зоната под надзор од точка 1.2 од ова решение се наредува депопулација со колење за економско искористување на свињите за споствени потребни во одобрена кланица. Рок за извршување на депопулацијата е до 04.09.2022 година. Доколку колењето се врши во домашни услови, колењето треба да биде пријавено на надлежното ветеринарно друштво кое ќе земе мостри за лабораториско испитување и ќе извршат дезинфекција на одгледувалиштето.
4. Во точката 5 од решението 10-2257/2 од 03.08.2022 година се додава нова подточка 5.8 која гласи:
   - Се забранува промет на свињи во добиточните пазари на целата територија на земјата, а се забранува промет и продажба на сите видови на животни во добиточниот пазар во с. Облешево општина Чешиново-Облешево.
5. Останатите точки од решението број 10-2257/2 од 03.08.2022 година остануваат непроменети.
6. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на епидемиолошката состојба и лабораториските наоди добиени од Ветеринарен Институт при Факултетот за ветеринарна медицина Скопје со кои е потврдена болеста африканска чума кај свињите во Република Северна Македонија, решено е како во диспозитивот на ова решение.

**в.д. Директор**
**Николче Бабовски**

Изработил: Грета Николовска
Контролирал: Симо Костов
Миленко Симовиќ
Одобрил: Вања Кондратенко
Ванчо Новоселски

ДОСТАВЕНО ДО:
ПЕ на АХВ
Ветеринарни друштво
Официјални ветеринари
Архива на Агенција за храна и ветеринарство